**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# РУСКИ ЈАЗИК

## за I година

### Гимназиско образование

**Скопје, 2025 година**

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | ***Руски јазик*** |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Година на изучување** | I (прва) |
| **Ниво на изучување** | По првата година од гимназиското образование изучувањето на рускиот јазик, треба да се достигнат знаења од рамништето А2 (основно) според Заедничката европска референтна рамка за јазиците. |
| **Теми[1]/подрачја во наставната програма** | • ***Претставување***<br>• ***Слободно време***<br>• ***Опкружување***<br>• ***Здраво живеење***<br>• ***Култура и интеркултурна комуникација*** |
| **Број на часови** | 2 часа неделно / 72 часа годишно |
| **Опрема и средства** | • Компјутер, печатач, проектор, табла, CD/DVD - плеер, интерактивна табла;<br>• Слики, постери, фотографии, предмети, флеш-карти;<br>• Учебник, прирачници, речник, списанија (печатена и/или електронска форма), литература за млади на руски јазик. |

[1] Називот на темата е формулиран согласно соодветната лексика која преовладува во неа, но при избор на учебник и/или друг дидактички материјал треба да се земат предвид јазичните функции, лексичките единици и граматичките структури застапени во целата наставна програма, без оглед на тоа како се распоредени по темите во наставната програма.

| | |
|---|---|
| **Норматив на наставен кадар** | Наставата по Руски јазик во I (прва) година гимназиско образование може да ја изведува лице кое има:<br>• Завршени студии по руски јазик и литература – наставна насока, VII/ 1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС,<br>• Завршени студии по руски јазик и книжевност – наставна насока, VII/ 1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС,<br>• Завршени студии по руски јазик и литература – друга насока и со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска наобразба (доквалификација) за настава по руски јазик на акредитирана високообразовна установа, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС,<br>• Завршени двопредметни студии по македонски и руски јазик, VII/ 1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС,<br>• Завршени студии по руски јазик и литература/книжевност- друга насока во комбинација со друг јазик и со здобиена соодветна педагошко - психолошка и методска подготовка за наставата по руски јазик на акредитирана високообразовна установа, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС.<br>• Завршени двопредметни студии по руски јазик и друг јазик, со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка за настава по руски јазик на акредитирани високообразовни установи, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>• Завршени студии по руски јазик (со звање дипломиран филолог), со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка за настава по руски јазик на акредитирани високообразовни установи, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>• Завршени студии по руски јазик на друга студиска програма, со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка за настава по руски јазик на акредитирани високообразовни установи, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС. |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

| Тема: ***ПРЕТСТАВУВАЊЕ***<br>Вкупно часови: 18 часа | |
|---|---|
| **Резултати од учење:**<br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:<br>1. разбере едноставни слушнати/пишани текстови во врска со лични податоци и податоци за други лица;<br>2. разбере едноставни слушнати/пишани текстови во врска со опишување физички особини на други лица;<br>3. разменува информации, во усна интеракција, за себе и за други лица при прв контакт;<br>4. напише кратки, едноставни, структурирани текстови при опис на физички особини;<br>5. се изрази усно за да искаже свое мислење, намера, интерес поврзано со посакуваната професија. | |
| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
| **Јазични функции:**<br>• **Барање и давање информација при воспоставување прв контакт:**<br>• **Запознавање преку посредник**<br>*Познакомьтесь! Знакомьтесь! Разрешите вас познакомить (с нашим преподавателем). Это Наталья Александровна (Наташа).*<br>• ***Запознавање без посредник***<br>*Давайте познакомимся. Будем знакомы. Я хотел бы с вами познакомиться. Давайте знакомиться. Разрешите (позвольте) представиться. Меня зовут Игорь, а вас как зовут? Как ваше имя и отчество?*<br>• ***Одговор при запознавање*** | • Разбира слушнат и/или пишан текст поврзан со запознавање други лица<br>• Разбира едноставни слушнати/ пишани текстови во кои се опишуваат физички особини на некое лице.<br>• Пополнува формулари со основни лични податоци.<br>• Учествува во дијалог во кој искажува намера или мислење во однос на идната професија.<br>• Опишува усно физички особини на лица од непосредно опкружување.<br>• Пишува едноставен текст за лично претставување или за претставување друга личност.<br>• Преведува на мајчин јазик едноставен текст за посакувана идна професија. |

| | |
|---|---|
| *(Мне) очень приятно (с вами познакомиться)! Я рад(а) познакомиться (с вами)! Мы уже знакомы. Я о вас слышал. Вы меня не узнаёте?*<br><br>• **Опишување физички особини**<br>У меня есть подруга Зоя. Она высокая, стройная брюнетка с зелеными глазами.<br>У нее длинные волосы и великолепная фигура.<br><br>• **Искажување мислење , намера и интерес**<br>*Считаю, что профессия программиста очень перспективная. Мне интересно изучать иностранные языки. Мой любимый вид спорта - баскетбол.* | |
| **Лексички единици:**<br>• **Зборови и изрази што се користат што се користат при воспоставување контакт и претставување себеси или друга личност** (*имя, отчество, фамилия, место жительства, возраст)*<br>• **Семејство** (*мама/мать, папа/отец, брат, сестра, бабушка, дедушка, родственники, тетя, дядя, племянник, племянница, внук, внучка, двоюродный брат/двоюродная сестра)*<br>• **Лексика поврзана со физичките особини:** *выглядеть (красиво, некрасиво, хорошо, плохо), похож на кого,*<br>**возраст**: *юный, молодой, взрослый, пожилой, старый,* | • Разбира поими и изрази што се користат при воспоставување контакт и претставување на себеси и на друга личност со лични податоци, семејство, интереси.<br>• Употребува зборови и изрази во едноставен текст за лично претставување или за претставување друга личност.<br>• Разбира и именува поими поврзани со физички карактеристики на некое лице.<br>• Учествува во дијалози со правилна употреба на лексеми за опишување на физички особини.<br>• Употребува зборови и изрази поврзани со опис на физички изглед на лице во краток устен монолог.<br>• Пишува куси и едноставни реченици за да опише нечии физички особини. |

| | |
|---|---|
| **раст**: *высокий, высокого роста, низкий, низкого роста, среднего роста,*<br>**фигура**: *стройная, хорошая, худой, тощий, полный, толстый,*<br>**лицо**: *бледное, румяное, круглое, правильные черты лица,*<br>**глаза**: *крупные, большие, маленькие, голубые, чёрные, карие,*<br>**нос**: *длинный, маленький, курносый, вздёрнутый,*<br>**губы**: *пухлые, толстые, тонкие,*<br>**волосы:** *тёмные, чёрные, светлые, рыжие, седые, прямые, волнистые, кудрявые, вьющиеся, густые, редкие, длинные, короткие, косичка, хвостик.*<br>• **Животни (домашно милениче)**<br>• **Професии:** *врач, инженер, ИТищник, программист, юрист, экономист, преподаватель, ученый.*<br>• **Лексика поврзана со изразување мислење, намера, интерес** (посакувана професија). | |
| **Граматички содржини**<br>• **Продолжување со усвојувањето на гласовниот систем на рускиот јазик** (тврди/меки консонанти, звучни/безвучни консонанти, редукција на вокали, акцент, интонација)<br>• **Повторување, продлабочување и усвојување нови знаења поврзани со:**<br>**Именки** | • Ги изговара правилно гласовите во рускиот јазик.<br>• Согледува разлики и сличности меѓу гласовите во рускиот и во мајчиниот јазик.<br>• Разликува интонација на прашална и исказна реченица.<br>• Правилно употребува интонација на прашална и исказна реченица во краток дијалог.<br>• Користи лични заменки во еднина и множина.<br>• Препознава наставки за образување сегашно време на глаголите во сите лица еднина и множина. |

| | |
|---|---|
| Род, број и падеж<br>Датив за изразување возраст<br>Датив со *нравится*<br>Генитив со негација<br>Генитив за изразување присвојност<br>Генитив со предлозите из и с (потекло)<br>Локатив со предлозите в и на (место на живеење)<br>Акузатив како директен предмет<br>**Придавки**<br>Род, број и падеж<br>Описни придавки<br>Степенување на придавките<br>**Заменки**<br>Употреба во соодветна падежна форма на лични заменки, присвојни заменки и показни заменки<br>Прашални заменки: кто? сколько? как? откуда? где?<br><br>**Броеви**<br>Редни броеви (1-20)<br>**Глагол**<br>Употреба со сегашно, минато и идно време<br>Инфинитив<br>**Прилози**<br>*красиво, некрасиво, хорошо, плохо*<br>**Синтакса**<br>Проста реченица | • Формира кратки реченици со правилна употреба на соодветно време на глаголите.<br>• Пишува кратки синтагми со правилна употреба на родот и бројот кај именките.<br>• Препознава присвојни заменки во номинатив.<br>• Користи присвојни заменки во номинатив за да напише куси реченици.<br>• Користи редни броеви во едноставни реченици.<br>• Пишува реченица со правилна употреба на именки во генитив со предлозите из и с.<br>• Пишува реченица со правилна употреба на именки во локатив со предлозите в и на.<br>• Применува прашални заменки во куси дијалози.<br>• Употребува прилози во едноставни реченици. |
| **Примери за активности** | |

**Индивидуални активности:** Учениците вежбаат слушање со разбирање (акцент, интонација, ритам) со текстови прилагодени според нивото на јазична умешност на учениците. Учениците слушаат вежби за усвојување акцент, интонација и ритам, вежби за правопис, слушање аудио/видео снимки, поврзуваат наслови со куси текстови, илустрации, фотографии со дадени ситуации, поврзуваат текст со слики.

**Квиз:** учениците одговараат на прашања со повеќечлен избор, пополнуваат празни места во табела, прашања од типот точно/неточно.

**Писмено изразување:** Учениците самостојно употребуваат соодветна лексика и соодветни граматички структури и го опишуваат омилениот лик.

**Креативни активности:** Учениците изработуваат плакат, подготвуваат претстава/драматизација), изработуваат флаери и брошури.

**Симулации и играње на улоги**: Учениците вежбаат претставување на лице и запознавање во различни ситуации.

**Проект:** Учениците изработуваат семејни стебла, презентираат во групи и споредуваат сличности и разлики.

Тема: ***СЛОБОДНО ВРЕМЕ***

Вкупно часови: 18 часа

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. разбере едноставни слушнати/пишани текстови во врска со ориентирање во простор.
2. разбере едноставни слушнати/пишани текстови во врска со одмор и патување.
3. разменува информации, во усна интеракција, за насоки и ориентирање до одредена дестинација.
4. се изрази усно за да искаже свое мислење и афинитети за патување и одмор.
5. напише кратки, едноставни, структурирани текстови при опис на одмор или патување.
6. споредува посакувани дестинации за одмор во двете земји и ги збогатува познавањата за македонската и руската култура.

<table>
<tr><th>Содржини (и поими):</th><th>Стандарди за оценување:</th></tr>
<tr><td>

**Јазични функции:**

**Најчести фрази за воспоставување контакт:**

*(Простите... Извините... Будьте добры... Скажите, пожалуйста... Вы не скажете (подскажете)... Молодой человек! Девушка!)*

**Поставување прашање за ориентирање**

*(Как попасть? Как пройти / проехать? Как добраться? Как дойти / доехать? Как попасть на улицу Македония? Как проехать к Большому театру/ в универмаг/ до университета? Как добраться до Красной площади? Как доехать до гостиницы Метрополь? Куда идёт этот автобус?*

**Пријавување во хотел**

- *Добрый день и добро пожаловать в наш отель! Чем я могу вам помочь?*
- *Здравствуйте, у меня есть бронь на сегодня на имя Дмитрий Иванов. Вот мой паспорт.*
- *Отлично, ваш номер 612. Вот ваш паспорт и ключ. Не могли бы вы расписаться здесь?*
- *Без проблем. Извините, завтрак включен в стоимость номера или оплачивается дополнительно?*
- *Завтрак включен в стоимость номера. Приятного пребывания в нашем отеле!*

**Одјавување од хотел**

</td><td>

- Наведува основни фрази за започнување разговор.
- Разбира слушнат и/или пишан текст во врска со насоки за ориентирање и движење во простор.
- Употребува соодветни комуникативни модели при воспоставување контакт и при ориентирање.
- Креира дијалог поврзан со ориентирање во простор.
- Учествува во дијалог на рецепција во хотел.
- Изразува свои ставови, афинитети или претпочитувања.
- Интерпретира главни пораки во пишуван текст од руски на мајчин јазик и обратно, водејќи сметка за културните разлики.

</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| - *Доброе утро, я хотел бы выписаться сегодня. Вот ключ от моей комнаты.*<br>- *Доброе утро. Дмитрий Иванов, верно?*<br>- *Да, это я.*<br>- *Отлично, Вам понравилось у нас?*<br>- *Да, мне очень понравилось. Номер хороший, и бассейн довольно большой.*<br>- *Прекрасно. Простите, вы пользовались какими-нибудь нашими услугами?*<br>- *Нет, совсем нет.*<br>- *Итак, общая сумма составляет 25500 рублей.*<br>- *Хорошо, могу ли я заплатить кредитной картой?*<br>- *Без проблем. Вот ваш чек.*<br>- *Спасибо большое. Я буду рад вернуться сюда снова.*<br>- *Приятно слышать. Спасибо, что остановились в нашем отеле, и счастливого пути домой!*<br><br>**Изразување афинитети и претпочитувања**<br>*(Я люблю проводить время на свежем воздухе.*<br>*Мне нравится осматривать достопримечательности города / посещать музеи, выставки / ходить в кино (на дискотеку, на концерты)* | |

| | |
|---|---|
| *Мне приятно плавать и загорать на пляже.*<br>*Мне особенно понравился песчаный пляж, прекрасная природа, море, тёплая вода, архитектура города, исторические памятники, улицы, рестораны, кафе, люди.)* | |
| • **Лексички единици:**<br>**Лексика поврзана со одмор и патување**<br>*Зимние каникулы, летние каникулы, путешествие (на самолете, на поезде, на автобусе), паспорт, ваучер, виза*<br>**Лексика поврзана со сместувачки капацитети**<br>*Гостиница, кемпинг, палатка, апартаменты, студия*<br>**Лексика поврзана со сместување во хотел**<br>*Администратор, анкета (регистрационная карточка), номер (мн. номера), бронировать номер(сделать бронь) , оплатить номер. оплатить проживание в гостинице, заплатить (доплатить) за номер, продлить проживание до ..*<br>**Номера**: *одноместные, двухместные, полулюксы, люксы , апартаменты*<br>**Удобства**: *душ, ванна, санузел*<br>**Сервисы / дополнительные услуги**: *парикмахерская, салон красоты, прачечная, химчистка, гладильная, медпункт, обмен валюты, сейф*<br>**Бытовая техника**: *холодильник, кондиционер, телевизор* | • Препознава и разликува лексички единици од соодветната тема во пишуван и во говорен текст.<br>• Набројува лексеми поврзани со хотелска соба.<br>• Набројува различни сместувачки капацитети.<br>• употребува соодветна лексика при креирање кратки текстови поврзани со одмор и/или патување.<br>• Составува дијалог поврзан со постапката за сместување во хотел.<br>• Опишува настани од претходни патувања.<br>• Пишува краток текст за својот распуст или патување. |

| | |
|---|---|
| **Связь:** *телефон, кабельное телевидение, интернет.*<br>**Рестораны и бары**: *банкетный зал, бар, кафе, ночной клуб*<br>**Претпочитување, афинитети**<br>*Люблю, нравится, мне приятно* , особенно понравился... | |
| **Граматички содржини:**<br>• **Продолжување со усвојувањето на гласовниот систем на рускиот јазик** (тврди/меки консонанти, звучни/безвучни консонанти, редукција на вокали, акцент, интонација)<br>• **Интонација** (прашални реченици со и без прашален збор)<br>• **Повторување, продлабочување и усвојување нови знаења поврзани со:**<br>• **Именки**<br>Именки од машки род кои во множина добиваат - а (*номера, паспорта, адреса*)<br>• **Придавки**<br>Описни придавки (род, број, падеж)<br>• **Заменки**<br>Показни заменки (*тот, этот)*<br>• **Глаголи**<br>Глаголи за движење: *идти - ходить, ехать-ездить, плыть-плавать, лететь-летать, бежать-бегать* | • Разликува интонација на прашални реченици со и без прашален збор.<br>• Правилно употребува интонација на прашална реченица во краток дијалог.<br>• Препознава именки од машки род кои во множина завршуваат на -а.<br>• Користи правилна форма за множина од именките од машки род.<br>• Формира кратки реченици со правилна употреба на глаголите за движење.<br>• Разбира разликата помеѓу глаголи што означуваат еднонасочно и глаголи што означуаат повеќенасочно движење.<br>• Употребува глаголи што означуваат еднонасочно и глаголи што означуваат повеќенасочно движење во едноставни дијалози.<br>• Пишува краток текст во кој користи описни придавки.<br>• Применува показни заменки во опишување.<br>• Употребува прилози во едноставни реченици. |

| | |
|---|---|
| Префиксирани глаголи: *прийти-приходить, приехать-приезжать, уйти - уходить, уехать -уезжать, войти - входить, выйти - выходить)*<br>Глаголски вид (нравиться - понравиться, хотеть - захотеть)<br>• **Прилози** (отлично, весело, интересно, полезно, скучно) | |

**Примери за активности**

**Индивидуална активност**: Учениците слушаат вежби за усвојување акцент, интонација и ритам, вежби за правопис.

**Пишување есеј:** ,,Моето омилено патување/одмор", учениците пишуваат текст за своето омилено патување или одмор употребувајќи ги глаголите за движење.

**Креативна активност:** Изработуваат брошура/плакат за својата омилена дестинација.

**Симулација:** Учениците поделени по улоги симулираат рецепција во хотел и гости, составуваат дијалози поврзани со постапка за сместување во хотел.

**Истражување:** Учениците истражуваат за популарни места за зимовање и летовање а потоа презентираат.

**Практична активност:** Учениците треба да ги забележат и коригираат грешките во понуден текст со намерни грешки (правилна употреба на глаголите за движење).

| Тема: ***ОПКРУЖУВАЊЕ***<br>Вкупно часови: 18 часа | |
|---|---|
| **Резултати од учење:**<br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:<br>1. разбере едноставни слушнати/пишани текстови во врска со градскиот транспорт.<br>2. разбере едноставни слушнати/пишани текстови во врска со местото на живеење, наслени места.<br>3. комуницира усно, извршувајќи секојдневни активности со пруимена на кратки едноставни искази.<br>4. напише краток едноставен структуриран текст со опис на своето место на живеее.<br>5. споредува информации за јавниот транспорт за двете земји и ги збогатува познавањата за македонската и руската култура. | |
| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
| **Јазични функции:**<br>• **Барање/давање информација за градскиот транспорт**<br>*Какой  автобус идет до гимназии? - Садитесь на девятый,а возле  храма надо сделать пересадку на восьмой трамвай.*<br>*Как доехать до центра? - До центра нет прямого сообщения. Вам лучше сесть на маршрутку и ехать до конечной остановки.*<br>*Как добраться до пригорода? - Надо ехать с пересадкой на метро.*<br>*Я еду в университет. Когда мне выйти? - Через две остановки.*<br>• **Барање/давање информации за место на живеење** | • Разбира слушнат и/или пишан текст во врска со јавниот транспорт и местото на живеење.<br>• Бара/дава, во усна интеракција, насоки за ориентирање до конкретна дестинација.<br>• Бара/дава, во усна интеракција, информации за местото на живеење.<br>• Опишува, усно и во краток едноставен текст, место на живеење.<br>• Составува краток едноставен текст со опис на посакувано место на живеење. |

| | |
|---|---|
| *Лена, где ты живешь? - Я живу в маленьком доме на окраине города. А ты? - А я  в квартире в центре, но летом мы живем на даче.*<br>• **Опишување место на живеење**<br>(*Я живу в маленькой деревне недалеко от столицы. Мне нравится, что у нас спокойно и тихо, а до города недалеко.)*<br>*(Моя семья живет в центре шумного города, но нам громкие звуки не мешают, мы привикли к оживленному движению.)*<br>*(Я хочу жить в маленьком домике у моря. Я  хотела бы иметь квартиру в самом центре города)* | |
| Б) Лексички единици:<br>1. **Живеалиште** (*дом, квартира, дача, общежитие*)<br>2. **Населено место** (*город, столица, деревня, село, поселок, район, область)*<br>3. **Географски поими поврзани со опкружување** (*равнина, горы, озеро, море, пляж, лес, роща, поле...)*<br>4. **Објекти и институции во населено место** *(муниципалитет, школа, гимназия, музей театр, кино, банк, гостиница, больница, храм, аптека, магазин, кафе, торговый центр...)*<br>5. **Превозни средства за градски сообраќај** (*общественный транспорт, автобус, такси, трамвай, троллейбус, метро, велосипед,* | • Разбира и набројува зборови и изрази поврзани со живеалиште, населено место, географски поими, објекти и институции, превозни средства.<br>• Употребува соодветни зборови и изрази при барање/давање насоки за ориентирање и движење во простор.<br>• Преведува на мајчин јазик зборови и изрази поврзани со конкретната тема. |

| | |
|---|---|
| *маршрутка, самокат, машина, автомобиль, мотоцикл*)<br><br>6. **насоки за движење и ориентирање во простор**: *(прямо, налево, направо, рядом с, около, возле, недалеко от, напротив, через дорогу, между, за углом, за зданием)* *(поверните, идите прямо, поверните налево, поверните направо, дойдите до..., пройдите через парк)* | |
| **Граматички содржини:**<br><br>• **Повторување, продлабочување и усвојување нови знаења поврзани со:**<br><br>**Именки**<br><br>Инструментал со превозно средство (*автобусом, трамваем*)<br>Генитив со негација (*нет трамвая*)<br>Акузатив и Локатив за движење и локација (*Еду в университет. Живу в центре*)<br>**Глаголи**<br><br>Префиксирани глаголи за движење (*перейти, выйти из метро, доехать до...*)<br>**Можен начин** *(Было бы здорово жить у моря. Хотел бы побывать в Москве.)*<br>**Предлози за просторни односи**<br><br>Через, около, у, возле, до, рядом, через | • Препознава инструментал со превозно средство.<br><br>• Користи правилна форма за инструментал од именките опфатени со темата.<br><br>• Ја идентификува разликата меѓу локатив и акузатив за движење.<br><br>• Креира едноставни реченици со правилна употреба на именките во локатив и акузатив.<br><br>• Ја препознава правилната употреба на генитив со негација.<br><br>• Набројува глаголи за движење.<br><br>• Составува краток текст со правилна употреба на префиксирани глаголи за движење.<br><br>• Правилно употребува предлози со просторно значење во едноставни реченици. |
| **Примери за активности** | |

**Индивидуални активности**:  Учениците вежбаат слушање со разбирање (акцент, интонација ритам) со текстови прилагодени спрема нивото на јазичната умешност. Учениците слушаат вежби за усвојување акцент, интонација и ритам, вежби за правопис, поврзување наслови со текст, поврзување текст со слика, поврзување ситуации со фотографии.

**Практична активност**: учениците треба да ги забележат и коригираат грешките во понуден текст со намерни грешки (предлози за просторни односи и префиксирани глаголи за движење). Грешките се однесуваат на правилната употреба на предлозите за просторно значење и префиксираните глаголи за движење.

**Пишување есеј**: Учениците пишуваат краток текст на тема: „Идеално место за живеење“.

**Симулација:** Учениците, во улога на новинари, меѓусебно се интервјуираат користејќи однапред подготвени прашања за нивното место на живеење, живеалиште, населено место, објекти, институции, карактеристични превозни средства.

**Истражување:** Учениците се делат во две групи. Првата група ги анализира и истражува  позитивните страни за живот во метропола а втората група негатитивните. Потоа развиваат дебата и победува групата со повеќе аргументи.

**Квиз:** Учениците поделени во групи, пополнуваат празни места во табела, одговараат на прашања со повеќечлен избор, прашања од типот точно/неточно.

Тема: ***ЗДРАВО ЖИВЕЕЊЕ***

Вкупно часови: 18 часа

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. разбере едноставни слушнати/пишани текстови во врска со физичките активности.
2. разбере едноставни слушнати/пишани текстови во врска со препораки за здрав начин на живот.
3. разменува информации, во усна интеракција, во врска со спортски активности.
4. се изрази усно за да искаже свое мислење и афинитети во врска со конкретната тема.
5. напише кратки, едноставни, структурирани текстови поврзани со здравствената состојба и физичкото здравје.
6. ги анализира популарните спортови во двете земји.

| | |
|---|---|
| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
| **Јазични функции:**<br>• **Бара/дава информации за спортот со кој се занимава (дали спортува, колку често, од кога, каде)**<br>*- Ты находишь время для спорта? - Я всегда стараюсь найти время для занятий спортом. - Я всё своё свободное время посвящаю спорту. - К сожалению, у меня нет времени на спорт, я весь день занят (занята). Я регулярно уделяю время спорту.*<br><br>*- В твоём районе есть какой-нибудь тренажёрный зал или фитнесс-центр? - Я тренируюсь в нашем школьном спортивном клубе/ в тренажёрном зале/ в фитнесс центре.*<br><br>*- Как долго ты тренируешься? -Я тренируюсь уже год/ 2, 3, 4 месяца, года /всего месяц /5 лет, 6 месяцев / (полгода) полтора года / несколько лет, месяцев, недель /я уже давно тренируюсь/ я с недавних пор стал(-а) ходить на тренировки.*<br><br>*Как часто ты ходишь на тренировки? - Я хожу на тренировки часто / редко/ иногда /время от времени / 2, 3, 4 раза в неделю /раз в неделю, месяц /по субботам, по вторникам и пятницам/ по выходным/ каждый день /я регулярно хожу на тренировки/ зависит от настроения.* | • Разбира слушнати/пишани едноставни текстови во врска со спортските активности.<br>• Учествува во дијалози поврзани со физичката активност.<br>• Препорачува активности за здрав начин на живот.<br>• Составува едноставен текст за омилената физичка активност. |

| | |
|---|---|
| *- Как ты чувствуешь себя после тренировки? - Я чувствую себя прекрасно, хорошо, плохо, отлично, бодро /у меня болят мышцы.*<br><br>**Изразува мислење/дава препораки за здрав начин на живот**<br>*Если хочешь похудеть, занимайся спортом!*<br>*Если хочешь быть в хорошей форме, нужно тренироваться каждый день.*<br>*Чтобы улучшить осанку, нужно укрепить организм.*<br>*Чтобы чувствовать себя хорошо, надо больше времени проводить на свежем воздухе.*<br>*У тебя часто болит голова, потому что ты весь день сидишь дома и не занимаешься спортом.*<br>*Я занимаюсь спортом, потому  что он помогает мне укрепить мышцы и поднять настроение.* | |
| • **Лексика која е поврзана со:**<br>**Називи на спортови**<br>Фехтование, настольный теннис, стрельба, альпинизм, ватерполо, прыжки в длину, катание на коньках, гребля, прыжки с шестом, баскетбол, волейбол, борьба, бокс, бег, гандбол, плавание, конный спорт, футбол, прыжки в высоту, катание на лыжах, теннис<br><br>**Називи на спортисти**<br>Лыжник, пловец, гимнаст, стрелок, автогонщик, борец, парашютист, бегун, фехтовальщик, гребец, боксёр, футболист, фигурист, ватерполист, прыгун<br><br>**Спортска облека** | • Препознава и разликува лексички единици од соодветната тема во пишуван и во говорен текст.<br>• Набројува лексеми што означуваат спортисти или спортски реквизити и терени.<br>• Употребува соодветна лексика при креирање кратки текстови.<br>• Составува краток текст за придобивките од здравиот начин на живот.<br>• Пишува краток текст за својот омилен спорт/спортист. |

| | |
|---|---|
| Спортивный костюм, купальник, плавки, резиновая шапочка, спортивные трусы, шерстяная шапочка, коньки, теннисная ракетка, свитер, тапочки, полотенце, кроссовки, носки, футболка, мяч, перчатки, шерстяная лента<br><br>**Спортски терени**<br>Стадион, баскетбольная площадка, теннисный корт, каток, гимнастический зал, тренажёрный зал, набережная, горы, парк, бассейн<br><br>**Лексика поврзана со здравствената состојба и спортот**<br>Снижение иммунитета, эмоциональная раздражительность, укрепление организма, повышение интеллекта, повышение выносливости, плохой сон, улучшение аппетита, психологическая разгрузка,  физическая и умственная дряблость, коррекция фигуры, деформация позвоночника организма, нарушение осанки, развитие и укрепление мышц (мускул), хорошее настроение, быстрая утомляемость, сидячий образ жизни | |
| **Граматички содржини:**<br>• **Повторување, продлабочување и усвојување нови знаења поврзани со:**<br>**Именки**<br>Род, број и падеж<br>Датив со предлогот по за искажување регуларна повторливост (*по средам*) | • Препознава датив за регуларна повторливост.<br>• Разликува употреба на акузатив со глаголи за движење и акузатив како директен предмет.<br>• Избира правилна опција меѓу акузатив и инструментал при објаснување на спортска активност со која се занимава.<br>• Набројува именки што се употребуваат само во множина.<br>• Конструира реченици со правилна употреба на именките што се употребуваат само во множина. |

| | |
|---|---|
| Акузатив со глаголот играть (во что?) (*играть в мяч, шахматы)*<br>Акузатив со глаголи за движење (х*одить в спортзал*)<br>Акузатив како директен предмет (*Я люблю баскетбол*)<br>Инструментал со глаголот заниматься (чем?) (*заниматься футболом/ теннисом...*)<br>Именки што се употребуваат само во множина (pluralia tantum): *шахматы, лыжи, коньки, санки)*<br>**Глаголи**<br>Минато време, сегашно и идно време<br>**Заповеден начин**<br>Повторување на формата за заповеден начин во второ лице еднина и множина<br>Усвојување на формата за заповеден начлин за трето лице: *Пусть (пускай) он тренируется. Пусть (пускай) спортсмены бегают.*<br>**Броеви**<br>Употреба на броевите со соодветната падежна форма на именките<br>*Один месяц,*<br>*два/три/четыре месяца,*<br>*5-20 месяцев*<br>**Прилози**<br>*Бодро, вяло, отлично, здорово*<br>*Часто, регулярно*<br>**Синтакса**<br>Зависни целни реченици<br>*Чтобы улучшить осанку, нужно укрепить организм.*<br>Зависни условни реченици | • Објаснува образување на заповеден начин.<br>• Користи заповеден начин во едноставни искази.<br>• Разликува употреба на соодветна падежна форма врз основа на употребениот број.<br>• Употребува броеви во комбинација со точна падежна форма од именките.<br>• Составува условни и целни реченици во врска со конкретната тема. |

| *Если хочешь похудеть, занимайся спортом!* | |
|---|---|

**Примери за активности**

**Индивидуална активност:** Учениците опишуваат омилен спорт/спортист.

**Пишување есеј:** Учениците пишуваат краток текст на тема „Спортот и младите“.

**Креативна активност:** Учениците изработуваат проекти (плакат, презентација, брошура), истражуваат за познатите спортисти и за популарните спортови помеѓу младите.

**Дискусија:** Наставникот отвара дискусија за здрав начин на живот, што подразбираме, што применуваме и кои се придобивките од здравиот начин на живот.

**Играње улоги:** На тема: „Спортисти кои ме инспирираат“, еден ученик замислува познат спортист, а останатите со поставување прашања го погодуваат истиот.

**Практични активности:** Учениците треба да ги пронајдат и коригираат грешките во понуден текст со намерни грешки (употреба на број со точна падежна форма од именките).

Тема 5*: **КУЛТУРА И ИНТЕРКУЛТУРНА КОМУНИКАЦИЈА***

Вкупно часови: Се реализира во склоп на часовите наменети за другите теми, во текот на целата учебна година.

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде оспособен/-на да:

1. демонстрира способност за препознавање и разбирање на културни информации преку употреба на стекнатиот вокабулар и граматички структури;
2. ги применува новостекнатите јазични и културни знаења за анализа и интерпретација на текстови, медиуми и активности релевантни за дадените култури;

3. го користи стекнатиот вокабулар и граматички структури за да опише и спореди обичаи, традиции и културни практики меѓу сопствената и дадените култура.

Ученикот/ученичката ќе:

1. развива емпатија и почит кон луѓето од различни културни позадини;
2. има позитивен став кон културните разлики и културната разновидност;
3. ја разбира и прифаќа вредноста на мултикултурниот дијалог како начин за збогатување на сопствените погледи и искуства;
4. размислува критички за сопствените ставови и предрасуди кон други култури;
5. ги почитува универзалните вредности како што се толеранцијата, соработката и меѓусебното разбирање.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| Содржините во наставната програма се насочени кон запознавање на учениците со културните, цивилизациските и социјалните аспекти на земјите каде што се зборува на руски јазик. При тоа треба да овозможат развивање културна свест, разбирање на културните разлики и споредба со сопствената култура. | • Идентификува значајни празници, обичаи и традиции на дадена култура.<br>• Ги објаснува основните концепти и вредности што ги одразуваат културните практики на земјите во кои се зборува на руски јазик.<br>• Наведува примери за историски или социјални фактори кои влијаеле врз развојот на културните обичаи.<br>• Ги опишува сличностите и разликите помеѓу обичаите, традициите и празниците на дадената и сопствената култура, користејќи релевантни примери<br>• Ги препознава и толкува културните симболи, објаснувајќи го нивното значење.<br>• Ги применува стекнатите јазични вештини и знаења за културата и во ситуации кои бараат интеркултурна комуникација. |

**Примери за активности:**

**Индивидуална активност:** Учениците самостојно пишуваат краток состав во кој опишуваат еден значаен празник од целната култура, користејќи го стекнатиот вокабулар.

**Квиз:** Учениците, поделени во мали групи, се натпреваруваат на квиз со прашања од типот "Точно/Неточно", "Избери го точниот одговор" или "Пополни ги празните места", во врска со културните традиции и обичаи од дадена култура.

**Дебата:** Учениците, поделени во две групи, дебатираат на тема "Традиционалните обичаи: Треба ли да се зачуваат или да се прилагодат на современите времиња?"

**Дискусија:** Наставникот започнува дискусија со прашањето: "Како празниците во вашата култура се разликуваат од оние во земјите каде што се зборува на руски јазик?" Учениците ги споделуваат своите размислувања.

**Играње улоги:** Учениците симулираат сцена во која подготвуваат прослава за одреден празник од дадена култура. При тоа треба да ги користат правилните изрази, поздрави и социјални норми што ги учат.

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ И ИНТЕРКУЛТУРНОСТ

Наставниците во гимназиското образование поттикнува инклузивност преку обезбедување активно вклучување на сите ученици во наставните активности. Соодветно ги адаптираат методите на работа за да одговараат на различните когнитивни и емоционални потреби на учениците, користејќи пристапи како индивидуализација, диференцијација, тимска работа и соученичка поддршка. При работа со ученици со попреченост, наставниците применуваат индивидуални образовни планови кои вклучуваат прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување и овозможуваат дополнителна поддршка од образовни асистенти, медијатори, тутори-волонтери и професионалци од ресурсните центри.

Редовното следење на напредокот на учениците, особено оние од ранливите групи, е од суштинско значење. Наставниците навремено ги идентификуваат евентуалните тешкотии и обезбедува насоки за нивно надминување, притоа создавајќи поддржувачка средина за постигнување на резултатите од учењето. Овој пристап не само што ги поттикнува академските постигнувања, туку и ја гради самодовербата на учениците и нивното чувство на припадност.

Во промовирањето на родова рамноправност, наставниците внимаваат да не се поттикнуваат стереотипни родови улоги при организирање на активностите. При формирањето групи за работа или доделувањето задачи, наставниците обезбедуваат рамнотежа помеѓу момчињата и девојчињата, додека при користењето примери, текстови и илустрации ја поддржуваат родовата сензитивност и ги поттикнуваат учениците да ги надминат родовите стереотипи. Наставниот процес е осмислен така што родовата еднаквост и етничката/културната сензитивност се природен дел од сите активности, особено преку користење, секаде каде што е можно, материјали и содржини кои промовираат интеркултурализам и меѓуетничка интеграција.

Наставниците ги воведуваат учениците во различни културни перспективи преку активности кои промовираат почитување на различностите во сите можни ситуации. Ова им овозможува на учениците да развијат свест за интеркултурно разбирање и соработка, што е основа за создавање и развој на кохезивно, хармонично општество.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

По предметот Руски јазик за I година на гимназиското образование, учениците ги совладуваат петте јазични вештини: разбирање при слушање, разбирање при читање, зборување (говорна интеракција и говорна продукција), пишување (писмена интеракција и писмена продукција) и јазично посредување (медијација). За таа цел наставникот/наставничката ги следи и ги оценува:

- усните одговори на прашања поставени од наставникот/-чката или од соучениците и учеството во дијалози со примена на усвоената лексика.
- усното изразување на доволно правилен начин за да биде разбран.
- разбирањето на слушнати и /или пишани искази, дијалози и куси текстови.
- пренесувањето говорени и пишувани искази од руски на мајчин јазик и обратно.
- правилното пишување зборови, реченици и дијалози, како и пишувањето пораки, лични писма, покани, електронски писма, насочени состави, парафразирање кратки текстови и пишување сопствено мислење на дадена тема.
- индивидуалните и групните изработки на проектни задачи (постери, илустрации, презентации).
- домашните задачи.

Оценувањето на постигнувањата на учениците се врши врз основа на дадените стандарди за оценување со позитивно нагласување на постигнатиот напредок за владеење на јазикот, а не негативно истакнување на недостатоците.

Вреднувањето на напредокот на учениците  со бројчана сумативна оценка за постигнатите стандарди за оценување се врши по завршување на учењето на секоја тема, на крајот на полугодието и на крајот на учебната година. Сумативната оценка се изведува како комбинација од оценката за напредувањето, констатирана преку различните техники на формативно оценување и од писмените проверки на компетенциите на учениците (работни ливчиња, тестови, писмени работи) на тест на знаење.

Од вкупниот број оценки, две ќе се базираат на писмени работи, додека останатите оценки ќе се базираат на усни одговори, учество во комуникативни активности, домашни задачи, индивидуални и групни изработки на проекти и тестови.

Оценувањето е составен, а неизолиран дел од наставниот час. Проверката на знаењето, како и оценувањето на учениците, не треба да се разликува од редовните активности во текот на часот, односно учениците не треба да се издвојуваат поединечно при усната проверка на знаењето.

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | учебна 2025/2026 година |
| **Институција/<br>носител на програмата** | Биро за развој на образованието |
| **Согласно член 22 став 1 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17, 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/2020), министерката за образование и наука ја донесе наставната програма по предметот *Руски Јазик* за I (прва) година гимназиско образование.** | бр. 13-5306/17<br>3.4.2025 година<br><br>Министер за образование и наука,<br>проф. д-р Весна Јаневска,с.р.<br><br>______________________________ |